**Известување за концентрација со која Ц.Р.Е. Јазамут Лтд., Израел ќе стекне контрола над Друштвото за трговија и услуги ПРОБАТ ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје, Република Северна Македонија**
**(предмет бр. 08-68/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 31.03.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Ц.Р.Е. Јазамут Лтд., со седиште на адреса ул. Хореш ХаАлоним бр. 12, Рамат Јишај, Израел, ќе стекне единствена контрола над Друштвото за трговија и услуги ПРОБАТ ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Франклин Рузвелт бр.1/6, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Главна дејност на Ц.Р.Е. Јазамут Лтд. е развој и претприемништво на проекти надвор од Израел, претежно во енергетскиот сектор, со активности во САД, Република Северна Македонија и Србија. Ц.Р.Е. Јазамут Лтд. во моментов е сопственик на 6 енергетски проекти.

Ц.Р.Е. Јазамут Лтд. нема поврзани правни лица во Република Северна Македонија и нема остварено приходи на македонскиот пазар.

ПРОБАТ ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје е друштво со ограничена одговорност чија регистрирана приоритетна дејност е складирање на електрична енергија.

ПРОБАТ ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје нема генерирано промет за 2025 година, односно не остварува било каков промет на релевантниот пазар во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар на производи да се дефинира како пазар на складирање на електрична енергија во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.04.2026 година
Скопје